Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА МАТЕРИЈАЛОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК СО КУЛТУРА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО ОД ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА НИКОЛОВСКА, ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Студентите на Педагошкиот факултет, и тоа не само на нашиот Универзитет, веќе подолго време немаат соодветен учебник по предметот *Македонски јазик со култура на изразувањето*. Граматиките кои им стојат на располагање не се соодветни за нивното ниво на образование: тоа се главно учебници за средно училиште или пак литература која бара лингвистички предзнаења и која е наменета за студентите на филолошките факултети. Материјалот за електронска скрипта кој ни го нуди колешката В. Николовска се однесува токму на оние содржини кои за студентите ќе претставуваат вовед во науката за јазикот. Овие содржини тешко можат да се најдат собрани на едно место и на македонски јазик и затоа материјалот што ни го приложува колешката е од драгоцено значење за студентите.

Скриптата содржи 50 страници текст, дополнет со богат библиографски материјал кој на студентите ќе им овозможи да имаат увид во стручната литература од оваа област и според својот личен интерес да ги вршат нивните индивидуални истражувања. Материјалот е поделен во неколку целини:

1. **Содржини што ја дефинираат науката за јазикот како дисциплина и нејзиниот однос со другите науки: лингвистика, лингвистички поддисциплини, врски на лингвистиката со другите науки**

Во оваа целина авторката ја дефинира лингвистиката како наука за јазикот. Јазикот се разгледува, согласно со современите концепции на структурализмот во науката, особено оние од типот на Прашката лингвистичка школа, како систем со своја структура. Претставена е организацијата на јазичните единици на повеќе нивоа (фонолошко, морфолошко, синтаксичко), хиерархиски подредени меѓу себе и претставени се основните поими за единиците на секое од јазичните нивоа. На овој начин, студентите од Педагошкиот факултет може да стекнат слика како е можно само со 31 глас во нашиот јазик да се пренесат толку многу соопштенија, да се напишат уметнички и научни книги. Кога студентите ќе ги разберат овие основни поими од науката за јазикот, кои во материјалот што ни го нуди Николовска се многу прецизно и разбирливо дефинирани, тогаш тие лесно ќе можат правилно и соодветно за нивната возраст, да им ги доближат на своите ученици (особено студентите од Групата за одделенска настава).

Од науките кои се во врска со лингвистиката, авторката ги запознава студентите со семиологијата, филологијата, стилистиката, како и интердисциплинарните - социолингвистика, психолингвистика и невролингвистика.

Во ова поглавје се сместени и две теми што се однесуваат на јазикот како средство за комуникација: *Функции на јазикот* и *Јазична редунданција*.

2. **Содржини што се однесуваат на јазичната разновидност**

Во ова поглавје е прикажана јазичната разновидност. Авторката ги прикажува трите класификации на јазиците: генеалошка, типолошка и ареална. Зборува за различните јазични семејства, а посебно се задржува на јазиците од индоевропското јазично семејство, меѓу кои спаѓа и македонскиот јазик. Што се однесува до македонскиот јазик, од материјалот што ни го приложува авторката, студентите можат да го определат неговото место во семејството на индоевропските јазици (во нивни рамки на јужнословенските јазици), како аналитички јазик од флексиски тип и како јазик од Балканскиот јазичен сојуз. Овие содржини придонесуваат за збогатувањето на лингвистичката култура на студентите, особено на студентите од факултетите што не се филолошки.

3. **Јазично раслојување**

Ова поглавје зборува за раслојувата на јазикот: територијалното раслојување на дијалекти, социјалното – на социолекти, индивидуалното – на идиолекти, како и за функционалното раслојување на стандардниот јазик на - функционални стилови. Авторката посебно се задржува на односот стандарден јазик – дијалекти, при што нагласува дека „дијалектите не се јазични грешки, туку јазичната реалност". Она што треба да го научат студентите е кога и каде е коректно да се зборува на стандарден јазик, а кога е коректно да се зборува неформално, на дијалект. Ова е особено важно за оние студенти што ќе бидат вклучени во образованието и воспитанието на децата, бидејќи нивниот правилен став кон упоребата на стандардниот јазик и дијалектите, како и нивниот личен пример во јазичното изразување, ќе придонесе за оформување на јазична свест и јазична култура уште во најраната возраст на децата и учениците.

4. **Лексикологија и семантика**
5. **Фразеологија**
6. **Лексикографија**

Последните три поглавја од материјалот за е-скрипта што ни ги нуди авторката В. Николовска се однесуваат на лингвистичките поддисциплини што за предмет на изучување ги имаат зборовите. Содржините што се однесуваат на семантиката, како наука за значењето (и) на зборовите, авторката умешно ги поврзува со поимите за синонимија, хомонимија, антонимија и паронимија во јазикот. Ја разгледува лексиката според потеклото, според процесот на обновување, според формата на упореба и според сферата на употреба. И ова се содржини кои ја збогатуваат лингвистичката култура на студентите. На крајот, во поглавјето насловено како *Лексикографија*, авторката дава преглед на видовите речници што се издаваат, како и на тоа кои речници се издадени во нашата средина.

Материјалот што авторката доц. д-р Виолета Николовска ни го приложи за издавање на електронска скрипта, од една страна ги следи современите текови на лингвистичката мисла, а од друга страна тој е напишан прецизно, јасно и на начин разбирлив за студентите. Авторката акцентот го ставила токму на оној дел од наставната програма за кој сè уште нема учебник (учебник по предметот *Македонски јазик со култура на изразувањето* нема и на другите универзитети во нашата држава), а литература може да се најде на други јазици или во поинаква форма и обем. Со тоа што авторката во материјалот подлабоко ги разработила темите - *Балкански јазичен сојуз, Јазици во контакт* и *Семантика*, оваа скрипта ја направила погодна и за студентите од прва година на Филолошкиот факултет, на кои им го предава токму предметот Вовед во науката за јазикот. Инаку, содржините што ни ги нуди авторката во оваа електронска скрипта „*Македонски јазик со култура на изразувањето*" ги слушаат:

– студентите од Педагошки факултет (група Одделенска настава – прв семестар, со фонд на часови 2+2+1 и група Предучилишно воспитание – во втор семестар, со фонд на часови 2+2+1);
– студентите на Правен факултет (Отсек за новинарство и односи со јавноста – во прв семестар, со фонд на часови 2+2+1);
– студентите на Филолошки факултет (група Македонски јазик и книжевност – во прв семестар, со фонд на часови 2+2+1),
– како и повеќето од групите на новоформираниот Факултет за образовни науки (предметот ќе носи ист назив *Македонски јазик со култура на изразувањето* и ќе биде со ист фонд на часови).

Со големо задоволство, овој труд на авторката В. Николовска, и според квалитетот, и според потребата на студентите, го препорачуваме за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Толе Белчев, с.р.**
**Доц. д-р Билјана Ивановска, с.р.**